Дел од приоритетните задачи за учебната 2018/2019 година:

1. Подобрување на безбедноста, дисциплината и ангажираноста за учење кај учениците во редовната настава и воннаставните активности.
2. Унапредување на соработката со родителите и заедницата.
3. Унапредување на планирањето и реализацијата на наставата.
4. Унапредување на работата со децата со посебни образовни потреби, надарени деца и децата со потешкотии во учењето и развојот.
5. Подобрување на условите за работа во централната зграда во Кривогаштани - санирање на ѕидовите и таваните, оградување на внатрешните скали и одржување на симулација – вежба за евакуација при непогоди и запознавање на учениците за истата.
6. Набавка на стручна литература, литература за деца и нагледни средства и технички помагала и опремување со училишен мебел.
7. Унапредување на квалитетот на професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар.

……

Проекти кои ќе се реализираат оваа учебна година:

- „Компјутер за секое дете“;
- „Меѓуетничка интеграција во образованието“;
- „Интеграција на еколошката едукација“;
- „Антикорупциска едукација“;
- „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“
- „Јазична и математичка писменост“ (одделенска настава)

……

И оваа учебна година Вашите деца ќе добијат бесплатни учебници кои е потребно Вие како родител лично да ги подигнете со потпис и да ги вратите на крајот на учебната година.

……

Учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигања училиштето ги пофалува и наградува.

……

Сите информации за наставниот план и програмите по предметите кои ги учи Вашето дете можете да ги најдете на: www.bro.gov.mk

……

Ве поттикнуваме редовно да ги проверувате успехот, редовноста и поведението на своите деца преку електронскиот дневник. Прашајте го одделенскиот раководител како да пристапите до него.

……

Нашето училиште е отворено за Вас во секое време кај службите на училиштето и во одредените приемни термини кај секој од наставниците.

ООУ „Манчу Матак“ - Кривогаштани
Општина Кривогаштани,
Р Македонија
Ул. „Едвард Кардељ“, бр. 9
Тел/факс: 048/471 - 205
E-mail: oummatak@gmail.com

Почитувани родители,

Нашето училиште учебната 2018/2019 година ќе работи во 6 училишни згради: една во ЦОУ во Кривогаштани и по една во подрачните училишта во Крушеани, Врбјани, Годивле , Подвис и Славеј.

Во сите овие училишта вкупно учат 308 ученици од прво до девето одделение, а оваа учебна година запишавме 32 првачиња.

Училиштето работи во две смени во центалното и во една смена во подрачните училишта. Часовите за првата смена траат од 7.30 – 13.00, а за втората смена од 12.20 – 17.45 часот. За помалите ученици организирано е време за прифаќање, половина час пред почетокот на часовите. За учениците кои мора да патуваат се овозможува бесплатен превоз од местото на живеење до училиштето.

Во училиштето се вработени вкупно 34 наставници (14 во одделенска, а 20 во предметна настава), педагог, психолог и дефектолог, секретар – благајник, хаусмајстор и 8 помошни работници, а Директор на училиштето е Дијана Каравилоска.

Оваа учебна година планирани се да се реализираат 5 екскурзии: 2 еднодневни – излети, една еднодневна со учениците од III одделение, една тридневна со учениците од IX одделение и една дводневна со учениците од VI одделение.

Доколку се пројави интерес, училиштето ќе организира ужина за учениците и оваа учебна година.

За заинтересираните ученици ќе има осугурување.

Редовните лекарски систематски прегледи и имунизацијата на учениците ќе се реализираат во соработка со Јавните здравствени организации во просториите на училиштето.

МИСИЈА на училиштето: ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани е училиште во кое учениците стекнуваат знаења, способности и вештини потребни за секојдневниот живот, во кое развиваат самодоверба и свест за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки низ позитивните примери на соработка, почитување и помагање меѓу учениците, вработените и родителите. Училиште кое ги вклучува, образува и воспитува сите ученици без разлика на нивните способности, можности, социјална, етничка, верска или родова припадност и воспоставува меѓусебна толеранција и почитување на различноста.

ВИЗИЈА на училиштето: Сакаме да бидеме:

- училиште во кое се мисли, прашува, создава, анализира, каде се развиваат индивидуални и колективни способности и вештини;
- училиште со современ амбиент, современи нагледни средства и помагала;
- училиште со мотивирани наставници и ученици;
- училиште кое гради партнерски однос меѓу учениците, наставниците и родителите од различна етничка припадност;
- училиште кое воспитува и образува среќен, оптимистичен и успешен ученик кој се развива со поттик на наставникот и поддршката од родителите и заедницата.

Правилата на однесување на учениците во училиштето:

⇨ Учениците се должни на училиште да доаѓаат 10 минути пред почнувањето на наставата и по влегувањето во училиштето да одат пред својата училница.
⇨ За време на големите одмори учениците вообичаено излегуваат во дворот на училиштето (освен ако времето е лошо) и таму ја јадат храната. Забрането е внесување и консумирање храна и пијалоци во училницата.
⇨Учениците се должни да го чуваат инвентарот и да внимаваат на естетскиот изглед на училиштето, да се грижат за хигиената, а отпадоците се должни да ги фрлаат во корпите за отпадоци во училниците и ходниците. Секоја намерно или од невнимание направена штета од страна на ученикот ја надоместува неговиот родител односно старател.
⇨ Се задолжува посебно секој ученик да води грижа за исправноста, одржувањето и рационалната примена на компјутерите во училницата;
⇨ Се задолжува секој ученик доколку забележи недостаток, неисправност на компјутерите да го извести предметниот наставник;
⇨ Кај секој ученик кај кој ќе се констатира недостаток на делови од компјутерот или пак доколку тој е причината за неисправност на компјутерот, ќе ја плати штетата во висина на оштетениот дел;
⇨ Дефект направен при работа на ученик на компјутер според дадените упатства за негово користење не се наплаќа и истиот го санира училиштето.
⇨ Секој ученик го стартува компјутерот само со одобрение на предметниот наставник; Секој ученик го користи компјутерот само за потребите на наставата, а најстрого се забранува злоупотреба на компјутерите за време на наставата.
⇨ По завршувањето на наставата учениците се должни да ја напуштат училишната зграда и дворот, внимавајќи на своето однесување претставувајќи го угледот на училиштето.
⇨ Учениците кои патуваат, превозот го чекаат во училишниот двор. Доколку има некакви проблеми со превозот се известува директорот или секретарот на училиштето. Додека го чекаат превозот и додека се возат, учениците треба да бидат точни, културни и дисциплинирани.
⇨Учениците се должни да внимаваат на својот надворешен изглед. На училиште треба да доаѓаат примерно и чисто облечени, со уредна коса и без шминка.
⇨ Забрането е носење на скап накит и слични скапи предмети. За секое губење или кражба на вакви вредни предмети училиштето не одговара.
⇨Учениците се должни на училиште да доаѓаат со потребниот училишен прибор и учебници за соодветниот ден и распоред.
⇨ На учениците им забрането да пушат или да консумираат алкохолни пијалоци. На учениците им е забрането да внесуваат предмети што не се поврзани со наставата (мобилни телефони, накит и слични вредни работи). Доколку ученикот се види дека носи мобилен телефон, наставникот има право да му го одземе и истиот го доставува кај директорот на училиштето од каде може да го земе само родителот од ученикот.
⇨ Се забранува внесување на запалливи и експлозивни средства со кои се загрозува безбедноста на учениците, вработените и училиштето.
⇨ Учениците не смеат неоправдано да отсуствуваат од часови.
Отсуствувањето од одреден час го одобрува предметниот наставник, а отсуствувањето во текот на целиот ден го одобрува одделенскиот (наставник) раководител. Подолгите отсуства ги одобрува директорот. Самоволното напуштање на часот, пред и за време на настава од страна на ученикот се смета за прекршок и за тоа се пишува неоправдан изостанок .

Педагошки мерки за учениците:

Кон ученикот кој не ги извршува обврските и ги повредува правилата на воспитно – образовната работа се применуваат следниве педагошки мерки:

1. Укор (неодобрување на постапката) - ја изрекува одд, раководител,
2. Усна опомена - ја изрекува одделенскиот раководител; одделенскиот совет, наставнички совет;
3. Писмена опомена - ја изрекува одд. раководител; наставнички совет;
4. Намалување на поведението –одделенски совет, наставнички совет, директор;
5. Преместување на ученикот во друга паралелка - Наставнички совет, Комисија;
6. Преместување на ученикот во друго училиште–Наст. совет, Комисија.

Пред да се изрече педагошката мерка родителот се повикува на разговор во училиштето. За изречената педагошка мерка се известува родителот на ученикот.

Одредби за родителите:

⇨ Во училиштето се забранува влегување на лица кои не се вработени и кои не учат во училиштето, без претходна најава кај помошните работници или дежурниот наставник, кој ќе ги упати за нивната посета.
⇨ Родител на ученик може да дојде кај наставник само во оној термин кој е даден како приемен ден на тој наставник.
⇨ Родителот има право во секое време телефонски да се јави во училиштето доколку сака да добие некаква информација или нешто да најави.

.....

И оваа учебна година важи:

- Задолжително посетување на дополнителната настава за учениците кои имаат најмалку две слаби оценки, имаат слаби резултати по одреден наставен предмет, кои отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет и на барање на ученикот или неговиот родител. Секое отсуство од дополнителната настава е неоправдан изостанок.

- Задолжително советување на учениците и родителите од страна на психолог доколку - ученикот во текот на наставната година има негативна оценка по три или повеќе предмети, ученикот има направено повеќе од десет неоправдани или 100 оправдани изостаноци, ученикот е недисциплиниран, ученикот го навреди наставникот, ученикот учествува во тепачки или други форми на насилство, ученикот покажува асоцијално или антисоцијално однесување, ученикот се однесува неморално или неетички и во краток период на ученикот значително му опадне успехот.

Ако родителот, односно старателот не се јави на советувањето и по третата покана се известува Центарот за социјални работи. Педагошката служба, за родителите кои не се јавиле на поканата за советување и истите не го оправдале своето отсуство поднесува предлог за поведување прекршочна постапка. (Глоба во износ од 200 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на родителот, за прекршок ако не се јави во утврдениот термин за советување по втората упатена покана, а 500 до 700 евра во денарска противвредност, ако не се јави во утврдениот термин за советување по третата упатена покана).

-- **Се забранува телесно и психичко малтретирање на наставник, стручен соработник и воспитувач. (Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на родителот, ако родителот, односно старателот или неговото дете врши телесно или психичко малтретирање на наставник, стручен соработник или воспитувач).**